# Melbourne Airport Environs Overlay

## Што е Melbourne Airport Environs Overlay и како ќе влијае врз мојот имот?

Melbourne Airport Environs Overlay (MAEO) е урбанистичка контрола воведена од Владата на Викторија во 2007 година за да ги ограничи влијанијата на авионската бука врз имотите во близина на аеродромот Мелбурн.

MAEO го отсликува планираниот распоред со четири писти во Главниот план за аеродромот Мелбурн од 2018 година. Преработениот MAEO ќе се примени на повеќе имоти од порано, како на пример во општинските области на Бримбенк (Brimbank), Хјум (Hume), Мелтон (Melton), Муни Валеј (Moonee Valley), Морленд (Moreland) и Витлси (Whittlesea).

Ако MAEO важи за вашиот имот, тоа може да влијае врз она што можете да го правите на вашиот посед. Секој имот што е веќе изграден нема потреба да се измени. Ако планирате нова намена или изградба, разговарајте со локалната општина за да видите како MAEO може да влијае врз изградбата. Важат ограничен број исклучоци за важечки дозволи за изградба и поднесени барања за урбанистичка дозвола.

MAEO може да се преработи повторно за да ги одразува главните планови за идниот аеродром Мелбурн. Некои имоти врз кои не влијае оваа преработка на MAEO, може да бидат засегнати од идни модернизирања.

Ако ви треба помош, контактирајте со Службата за преведување и толкување (TIS) за помош со преведување и толкување. Контактирајте со TIS National на 131 450 (во Австралија) или посетете ја www.tisnational.gov.au

VICTORIA State Government | Environment, Land, Water and Planning

delwp.vic.gov.au

Macedonian